РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АПЕЛАЦИОНЕН СУД
Су.бр.1028/2022
14.10.2022 год.
Ш Т И П

## ИЗВЕСТУВАЊЕ ДО ГРАЃАНИТЕ

Се известуваат граѓаните дека Апелациониот суд од Штип се вклучува во одбележување на Европски ден на правдата - 25-ти Октомври .

Се повикуваат граѓаните да го посетат Апелациониот суд во Штип на ден 25.10.2022 год. во периодот од 10.00 до 14.00 часот.

Европскиот ден на правдата ќе се обележи со организирање:

## **ОТВОРЕН ДЕН НА СУДОТ ЗА ГРАЃАНИТЕ**

Во одбележувањето на 25-ти Октомври - Европскиот ден на правдата кој што секоја година се одбележува во сите држави на Европа, се вклучува и Република Северна Македонија, со единствена цел правдата да се доближи до граѓаните, кои треба да се запознаат со нејзиното извршување и спроведување. На овој ден, се обезбедува за граѓаните и пошироката јавност, поширок пристап до правдата. На овој начин со ваквото одбележување на Европскиот ден на правдата, се овозможува на граѓаните во Европа да бидат запознати со сите нивни основни права во повеќе области (право на сопственост, право на наследување, авторско право, договорно право, семејно право, и сл).

На овој ден граѓаните во Европа се запознаваат со начинот на функционирање на системот во широка смисла (извршување на судски пресуди, пристапување до правдата, медијација, и сл).

Заради спроведување на горенаведеното, на сите граѓани кои ќе го посетат Апелациониот суд во Штип, ќе им биде појаснето и ќе бидат запознати со местото и улогата на судовите во системот на заштита на човековите права, судските постапки кои се водат во судовите, пристапот до судовите, како се примаат судските предмети, како се упишуваат судските предмети, на кој начи се врши распоредување на судските предмети по судовите.

На граѓаните кои ќе го посетат Апелациониот суд во Штип, ќе им бидат појаснети средствата за работа, под какви услови работат судовите како и примената на АКМИС програмата и информатичката технологија.

АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП
ВД Претседател на судот
Кирче Донев